**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-1819
06.11. 2017 год.
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 197**

**Скопје, 06.11.2017**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник од научните области авторско пронајдувачко право и конкурентско право....................................................3102
2. Рецензија за избор на еден наставник во уметничките области креирање, текстил и моден дизајн.........................................................................................3109
3. Рецензија на ракописот "Економско казнено право" од проф. д-р Татијана Ашталкоска – Балоска........................................................................................3114
   Рецензија на ракописот "Компаративно материјално казнено право" од проф. д-р Татијана Ашталкоска – Балоска..................................................................3116

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ АВТОРСКО И ПРОНЈАДУВАЧКО ПРАВО И КОНКУРЕНТСКО ПРАВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ВО СОСТАВ НА ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки во состав на Прв приватен универзитет – Фон Скопје, на XII седницата одржана на 12.09.2017 година формирана е Рецензиона комисија за избор/реизбор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите Авторско и Пронајдувачко Право и Конкурентско Право, согласно распишаниот конкурс објавен во весникот „НОВА МАКЕДОНИЈА“ од 07.07.2017 година

Комисијата во состав:

- **Проф. д-р Александар Николовски - претседател**
- **Проф. д-р Темелко Ристовски- член**
- **Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска - член**

по разгледувањето на конкурсните материјали доставени од пријавените кандидати на конкурсот, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „НОВА МАКЕДОНИЈА“ од 07.07.2017 година за избор/реизбор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите Авторско и Пронајдувачко право и Конкурентско право се пријави кандидатот **д-р Валентин Пепељугоски, Вонреден професор**. Разгледувајќи ја пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот, Рецензионата комисија ја утврди следната состојба:

## I. Биографски податоци

Кандидатот **д-р Валентин Пепељугоски, Вонреден професор, е роден на 01.09.1962 година во Прилеп.**

- Дипломирал на Правниот факултет, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје во 1985 година;
- Правосуден испит положил во 1987 година;
- Во 1991 година стекнал звање магистер на правни науки („Монополизмот и неговата регулатива во светот и во нашата земја”) на Правниот факултет во Скопје;
- Испит за застапници од индустриска сопственост положил во 1998 година;
- Во октомври 2003 година докторира на Правниот факултет во Скопје, при универзитетот “Св. Кирил и Методиј “ на тема „Заштита на правата од индустриска сопственост од нелојална конкуренција во споредбеното право и во правото на Република Македонија”.
- **Во март 2005 година избран е за Доцент на Факултетот за општествени науки Скопје, по предметот „Хармонизација на законодавството во ЕУ”.**
- Со одлука на Наставно научниот совет на Факултетот за правни и политички науки од 17.10.2005 година доверена му е наставата по предметот „Граѓанско право”

- Со одлука на Наставно научниот совет на Факултетот за општествени науки од 12.04.2005 година доделена му е наставата по предметот „Постапки пред институциите на ЕУ и пред Советот на Европа"
- Во мај 2005 година избран е за предавач по предметот „Право на информатичка технологија" на Универзитетот на југоисточна европа -Тетово.
- Со одлука на Наставно научниот совет на Факултетот за правни и политички науки од 16.01.2007 година доверена му е наставата по предметот „Судска и арбитражна заштита во ЕУ"
- Со Одлука на Наставно научниот совет, **во Ноември 2007 година се избира во звање ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР, по предметите „Авторско право и право на индустриска сопственост", „Постапки пред институциите на ЕУ и пред Советот на Европа" и „Судска и арбитражна заштита во ЕУ";**
- Од 2009 година до денес држи предавања по предметите Авторско право, Право на индустриска сопственост на додипломските студии на ФОН Универзитетот – Факултет за правни науки Скопје
- Од 2009 година до денес држи предавање по предметите Европско право на интелектуална сопственост и Европско право на конкуренција на последипломските студии на ФОН Универзитетот – Факултет за правни науки Скопје
- Од 2009 година до 2012 година држи предавање по предметите Европско право на интелектуална сопственост и Европско право на конкуренција на последипломските студии на ФОН Универзитетот – Факултет за правни науки Скопје
- На 18.10.2012 година повторно е избран како визитинг професор на Економскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св.кирил и Методиј" Скопје по предметот „Право и Регулатива на ЕУ" на студиската програма за европски студии на втор циклус студии, за учебната 2012/2013 година
- Од учебната 2010/2011 до денес ангажиран е како професор по предметот „Патентно право" и "Право на топографија на интегрални кола" на последипломскиот курс „Regional Joint Degree Master of Intellectual Property Law" финансиран во рамките на ТЕМПУС програмата, организиран заедно со Универзитетот од Стразбург – Центарот за Меѓународни студии по интелектуална сопственост и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Правен факултет „Јустинијан Прави" Скопје
- Во 2012 година, Ректорската управа на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Скопје донесе Одлука за ангажирање за вршење високообразовна дејност на Економскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Скопје по предметот „Право и Регулатива на ЕУ" на студиската програма за европски студии на втор циклус студии
- **Со Одлука бр.07-2335/4 од 31.10.2012 на Сенатот на Првиот приватен универзитет – ФОН – Скопје, избран е за РЕДОВЕН ПРОФЕСОР по предметите Авторско право и право на индустриска сопственост и Конкурентско право**
- Во рамките на Центарот за образование за интелектуална сопственост на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје држи едукативни предавања на судии, обвинители, адвокати, застапници од индустриска сопственост и на дурги заинтересирани лица од јавната администрација

Кандидатот **д-р Валентин Пепељугоски, Вонреден професор**„ поседува и подврда издадаена од Комисијата за самоевалуација на Прв Приватен Универзитет ФОН за

позитивна оценка за предметите за кои е избран и му е доверена настава од спроведената Самоевалуација за неговата работа за академската 2016 година.

## II. **Работно искуство**

- Адвокат, од 15.10.1999 година
- Помошник директор на Завод за заштита на индустриска сопственост на Република Македонија од март 1994 година до 14.10.1999 година;
- Помошник министер за развој на Република Македонија од јули 1993 до февруари 1994 година;
- Стручен соработник во Стопанскиот суд на Македонија од јануари 1991 до јуни 1993 година;
- Стручен соработник во Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето од 1986 до декември 1990 година

## III. **Позначајни активности:**

1. Едукатор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од 16.05.2007 година по предметот „Граѓанско право" (Облигационо право и авторско право и индустриска сопственост)
2. На Академијата за судии и јави обвинтели „Павел Шатев" во 2015 година повторно е избран за едукатор и држи теоретска настава на почетна обука како и настава за континуирана обука.
3. Член е на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права на Владата на Република Македонија од 3.10.2005.
4. Член е на Комисијата за заштита на конкуренција на РМ од февруари 2005 до декември 2006 година.
5. Член е на повеќе комисии и експертски групи на Владата на РМ на многу билатерални состаноци на земји членки на ЕФТА, ЕУ, САД и други држави, покривајќи го делот што се однесува на  ителектуална сопственост (авторско право и индустриска сопственост).
6. Член е на Комисијата на Владата на РМ која работеше на Меморандумот за пристапување на РМ кон Светската трговска организација и автор на делот за интелектуална сопственост
7. Именуван е за надворешен експерт – консултант на Советот за радио дифузија на РМ во текот на 1999 – 2000 година
8. Асоцијативен член е на Меѓународната асоцијација на трговски марки со седиште во САД, д 1999 година до денес
9. Асоцијативен член на Американската адвокатска комора од 1999 година до 2014 година
10. За своите активности на полето на промоцијата на индустриската сопственост и поттикнување на иноваторството, одликуван е од страна на Белгиската комора на пронаоѓачите во 1997 година
11. Уредник на Рубриката „Интелектуална сопственост" во списанието „Правник".
12. Член е на Правниот совет на Организацијата на потрошувачите на Македонија до  декември 2012 година
13. Член е на работните групи за изработка на Законот за авторско право и сродните права, Законот за индустриската сопственост.
14. Член е на Комисијата за полагање на Испит за проценители од областа на авторското право.

15. Член е на пошироката Комисија која работеше на донесување на Стратегија на интелектуална сопственост на Република Македонија 2010-2012 година
16. Европски патентен застапник е од 2009 година
17. Член е на Советот на Европскиот патентен институт од 2011 до 2017година
18. Член е на Управниот одбор на Европскиот патентен институт од 2011-2017 година
19. Член е на Комисијата за образование на Европскиот патентен институт од 2012-2017 година
20. Избран е на листата на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража на Стопанската комора на Република Македонија во 2012 година, а од 2016 година е член на Претседателството на Постојаниот избран суд – Арбитража.
21. Доделена му е Лиценца за Вештак по авторско право и право на индустриска сопственост, од страна на Министерот за правда на Република Македонија, во 2012 година
22. Правен советник на Министерот за одбрана на РМ, од 2015 до февруари 2017 година
23. Избран е на Листата за арбитри на Спортско арбитражниот суд при Македонскиот олимписки комитет, во 2015 година

## IV. <u>**Учество на домашни и меѓународни семинари, симпозиуми, конференции и сл., (од јуни 2012 година до јули 2017 година), со јавни презентации:**</u>

1. UNECE, USPTO and Academy for Judges and Public Prosecutors – Intellectual Property and Anti – trust – Macedonian Perspectives, Sub-regional Conference on Selected Intellectual Property Issues for Judges – Valuation, Competition, Antitrust, Skopje, September 25 – 26, 2012
2. UNECE, USPTO and Academy for Judges and Public Prosecutors, Sub-regional Conference on Selected Intellectual Property Issues for Judges – Damages and IP Litigation – Macedonian Perspectives, Valuation, Competition, Antitrust, Skopje, September 25 – 26, 2012
3. IDLO, Договор за лиценца, Скопје, 17-18.12.2012 и 23 – 24.12.2012
4. Академија на судии и јавни обвинители, Перманентна обука на судии на апелационите подрачја Скопје, Гостивар, Битола и Штип – Авторскоправни договори, Скопје, Ноември 2012
5. International Finance Corporation, Contribution to Doing Business 2012: Reforming through Difficult Times
6. US Commercial Law Development Program – Georgia Intellectual Property and Innovation Workshop, Tbilisi, Georgia, April 01-02, 2013, Intellectual Property Valuation
7. US Commercial Law Development Program – Georgia Intellectual Property and Innovation Workshop, Tbilisi, Georgia, April 01-02, 2013, International Aspects of Intellectual Property Rights Transfer
8. 4-та Конференција за интелектуалната сопственост во фармацевтската индустрија, Скопје 15.12.2014 година

## V. <u>**Познавање и вештини**</u>

- англиски, српски и хрватски јазик, зборува, чита и пишува. На 26.05.2015 година на Универзитетот Св.Кирил и Методиј – Филолошки факултет Блаже Конески Скопје има положено APTIS тест

- германски и бугарски јазик (пасивно)
- компјутерски програми ДОС програми, MS Office, Word, Excell, Word Perfect, Adobe и сл.

## VI. Научно истражувачка и апликативна дејност и научни и стручни трудови (од јуни 2012 година до јули 2017 година)

- **Трудови во Меѓународни Научни Списанија – Рецензирани**

1. Pepeljugoski Valentin, "The criteria for copyright protection on computer programs and enforcement in the Republic of Macedonia", *Intellectual Property Rights Enforcement, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty, 2012.*
2. Анастасовска Д. Јадранка, Пепељугоски Валентин, "Новине у патентном систему у Европи и САД, или случај *'Apple'* против *'Samsung'*–а из другог угла, *ПРАВО И ПРИВРЕДА, бр. 4-6/2013*
3. Pepeljugoska Ana, Pepeljugoski Valentin, "Pledge on Industrial Property Rights in the Republic of Macedonia", *SEE CLUSTER OF EXCELLENCE IN EUROPEAN AND INTERNATIONAL LAW, Series of Papers, vol 2, Verlag Alma Mater 2016*
4. Zdraveva Neda, Pepeljugoski Valentin, "Protection of public interest in the area of health through compulsory licenses of patent for pharmaceutical under the Macedonian Legislation", *Modern Pharmacist –Bridging Science with Practice, Ohrid 2016*
5. Pepeljugoska Ana, Pepeljugoski Valentin, "Social Media and the Challenges to Intelelctual Property Law", *Justinianus Primus Law Review, vol. 14, 2017*
6. Pepeljugoska Ana, Pepeljugoski Valentin, "Intellectual property rights as foreign direct investments in the transitioning countries", SEE Law Journal vol. 1 number 3, April 2017
7. Pepeljugoski Valentin, Pepeljugoska Ana, "The Interaction between priority and novelty as fundamentals for patent protection", *ILIRIA International Review, vol.7, no. 1 (2017)*

- **Универзитетски учебници (рецензирани)**

1. Pepeljugoski Valentin et.al, *Patent Law,* Ss. Cyril and Methodius University Skopje, Iustinianus Primus Law Faculty, 2012
2. Akimovska Polenak Mirjana, Buckovski Vlado, Pepeljugoski Valentin et. Al, *Intellctual Propety Law: International Legal Sources,* Ss. Cyril and Methodius University Skopje, Iustinianus Primus Law Faculty, 2012
3. Анастасовска Д. Јадранка, Пепељугоски Валентин, *Право на интелектуална сопственост,* АКАДЕМИК, 2012
4. Анастасовска Д. Јадранка, Пепељугоски Валентин, Здравева Неда, *Прирачник за патентна политика на универзитетите и научните установи,* Државен завод за индустриска сопственост, Април 2013
5. Анастасовска Д. Јадранка, Пепељугоски Валентин, Гавриловиќ Ненад, *Прирачник за граѓанско правната и административно правната заштита на патентите,* Државен завод за индустриска сопственост, 2013

6. Анастасовска Д. Јадранка, Пепељугоски Валентин, *Авторско Право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Правен Факултет „Јустинијан Први"-Скопје, Скопје 2015

- **Стручни трудови**

1. Pepeljugoski Valentin, Pepeljugoska Ana, "Macedonia", *Global Legal Group 2015*
2. Pepeljugoska Ana, Pepeljugoski Valentin, "Arbitrability of intellectual property disputes", *Pravo i atonomija Licnosti, Kopaonicka Skola Prirodnog Parava, 2015*
3. Pepeljugoski Valentin, Pepeljugoska Ana, "Macedonia:Overview", *European Antitrust Review 2016*
4. Pepeljugoski Valentin, "Macedonia", *Getting the deal through Patents 2016*
5. Пепељугоски Валентин, „Сличности и разлики кај новоста и оригиналноста како битни услови за заштита на пронајдоците и авторските дела", *Правник број 298, 2017*

- **Менторства и членство во Комисии за одбрана на магистерски и докторски трудови**

1. Бил ментор на 16 магистерски трудови
2. Бил член на 2 Комисии за одбрана на докторски трудови

## VII. Оценка и предлог

Комисијата со внимание ја разгледа пријавата на кандидатот и направи преглед на неговиот успех и постигнувања.

Комисијата ги анализираше референците на кандидатот и согласно со Законот за високото образование, Статутот на Првиот приватен универзитет ФОН – Скопје и другите општи акти на факултетот, констатира дека кандидатот има завршено соодветно образование.

Комисијата оценува дека кандидатот **д-р Валентин Пепељугоски** ги исполнува условите за избор/реизбор во звањето редовен професор по предметите Авторско и Пронајдувачко Право и Конкурентско право, поради следниве причини:

- кандидатот д-р Валентин Пепељугоски (по изборот во звањето редовен професор) е автор на еден рецензиран универзитетски учебници и коавтор на пет рецензирани универзитетски учебници;
- кандидатот д-р Валентин Пепељугоски (по изборот во звањето редовен професор) е автор на три и коавтор на девет научни и стручни трудови. Трудовите се одликуваат со солидно познавање на проблемите што се проучуваат, со сестрана анализа на предметот на истражување и со сопствени ставови за проучуваните институти. Девет од трудовите се објавени на англиски јазик, во странски часописи односно списанија;
- кандидатот д-р Валентин Пепељугоски учествувал во наставно-образовниот процес на Факултетот за правни науки како редовен професор по предметите Интелектуална сопственост, Авторско право, Право на индустриска сопственост. Обврските во наставно-образовниот процес секогаш ги вршел

многу одговорно, а односот кон студентите бил повеќе од коректен. Бил ментор односно член на повеќе комисии за одбрана на магистерски трудови;

- кандидатот д-р Валентин Пепељугоски, со свои трудови односно презентации активно учествувал на повеќе меѓународни семинари и советувања во земјата и во странство, како и во научноистржувачки проекти.

Поради сето погоре наведено, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки во состав на Првиот приватен универзитет - ФОН, Скопје да утврди предлог - одлука за избор/реизбор на професор д-р Валентин Пепељугоски во наставно - научното звање редовен професор по предметите Авторско и Пронадјувачко Право и Конкурентско право. Истовремено, му предлага на Сенатот на Првиот приватен универзитет -- ФОН во Скопје, да изврши избор/реизбор на д-р Валентин Пепељугоски во наставно - научното звање редовен професор по предметите Авторско и Пронајдувачко право и Конкурентско право.

**Скопје, октомври 2017**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **Професор д-р Александар Николовски, с.р. – Претседател**

2. **Професор д-р Темелко Ристовски, с.р. – Член**

3. **Професор д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с.р. - Член**

**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН**
**Факултет за дизајн и мултимедија**

# РЕФЕРАТ

***За избор на наставник на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот приватен универзитет - ФОН во Скопје***

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за мултимедија и дизајн во состав на „Првиот приватен универзитет - ФОН" во Скопје, на седница одржана на 04.09.2017 година, врз основа на распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Нова Македонија", на 07.07.2017 година, за избор на наставник во сите звања од уметничките области креирање, текстил и моден дизајн, согласно член 132, став 2,3 и 4 од Законот за високо образование и член 91 став 1 алинеа 6 од Статусот на „Првиот приватен универзитет - ФОН" во Скопје, формира Рецензентска комисија во состав:

- **вон. проф. м-р Елена Вангеловска - претседателка**
- **доц. м-р Александар Рашковиќ - член**
- **проф. Костадин Танчев - член.**

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс од „Првиот Приватен Универзитет ФОН" во Скопје, објавен на 07.07.2017 година во дневниот весник „Нова Македонија" за избор на наставник во сите звања во областите креирање, текстил и моден дизајн, кој треба да ги исполнува општите услови предвидени со Законот за високо образование на Р. Македонија, се пријавија следните кандидати:

1. Вон. проф. м-р. Жанета Радевска Спировска родена 1959 година во Битола. Во прилог диплома од додипломски студии од Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, диплома од последипломски студии од Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, биографија, портфолио и одлука за избор во наставно-научно и уметничко звање вонреден професор од Факултет за дизајн и мултимедија, во состав на „Првиот приватен универзитет - ФОН" во Скопје.
Кандидатот вон. проф. м-р. Жанета Радевска Спировска е веќе со активен избор во звање, па формално не ги исполнува условите на распишаниот конкурс, земајќи го во предвид законот за високо образование, член 136 (Предвремен избор во повисоко звање).

2. М-р. Никола Ефтимов

## НИКОЛА ЕФТИМОВ

### *БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ*

М-р Никола Ефтимов е роден во Скопје на 06-ти октомври, 1968 година. Дипломира во 1993 година на Факултетот за ликовни уметности (графика и модно креирање) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во класата на проф.

Костадин Танчев. Магистрира моден дизајн (Модата како уметност) на „Академија Италијана“ во Фиренца, Република Италија, во 1998 година.

Повеќедецениското искуство опфаќа работа како дизајнер во модната индустрија, дизајн студија, дизајн платформи и интернационални сервиси за модни предвидувања во земјата и странство, графички дизајнер во адвертајзинг компании и маркетинг одделенија на компании, ликовен уметник, костимограф на театарски претстави, музичко-театарски перформанси, балетски претстави итн, раководи со сопствена фирма за моден дизајн и продажно место и редовно презентира авторски колекции, работи како предавач и директор за настава на „Академија Италијана Скопје“, визитинг професор на факултетот за Арт и дизајн при „Првиот приватен универзитет - Европски универзитет - Република Македонија (ЕУРМ)“ во Скопје и учествува во многу едукативни програми од неформалното образование во соработка со државни и приватни институции од областа на културата и високообразовни институции. Со предавачка дејност се занимавал и во странство. Тој бил ангажиран како предавач на Меѓународниот дизајн институт „Чанапат-Академија Италијана“ во Бангкок, Кралство Тајланд и визитинг професор на „Академија Италијана Тајланд“.

## НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

1. Предавач на Меѓународниот дизајн институт „Чанапат-Академија Италијана“ во Бангкок, Кралство Тајланд, 2005-2006 год.
2. Предавач и директор за настава на „Академија Италијана Скопје“, 2006-2009 год.
3. Визитинг професор на „Академија Италијана Тајланд“, Бангкок, Кралство Тајланд, 2007 год.
4. Визитинг професор на факултетот за Арт и дизајн при „ЕУРМ“ во Скопје, 2009-2011 год.

## НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Одбрана на магистерски труд „Ексцентричноста и правилата: Екстравагантниот машки костим во последните три века“ - истражувачки проект фокусиран на општествените клучеви по кои се менувале формите на ексцентричната машка облека и додатоци кај припадниците на различни општествени класи и групи, од периодот на владеењето на францускиот крал Луј XIV, до облиците на контрамода во дваесетиот век. Изработката на тезата била под менторство на проф. д-р. Елена Росони, актуелната директорка на „Националната пинакотеката на Болоња“. Во 2009 година ја започнува работата на монографското издание за историја на костимите, наменето за пазарот на САД.

## АВТОРСКИ МОДНИ КОЛЕКЦИИ

Гостин со авторска колекција на новогодишната гала ревија на *YUCAN*, МНТ, Скопје, 1992 година

Модна ревија за колекцијата „Принцот кројач“, Музеј на современата уметност, Скопје, 2003 година

Модна ревија за колекцијата „Лезет“, Музеј на современата уметност, Скопје, 2003 година

Дизајн и презентација на три комерцијални колекции за дизајн студиото „Фиа Фиа“, Скопје, 2005 година
*Entangled fragments: ABC of curatorial black,* Национална галерија на Македонија „Мала Станица“, Скопје, 2007 година (моден проект организиран од „Центарот за визуелни истражувања“, „Институт Евро-Балкан“)
Концептуална модна колекција *Anti-depression Chic,* 2009 година
Промоција на брендот *La Sprezzatura,* 2011 година
Презентација на сезонски колекции во рамки на „Модниот Викенд Скопје“, 2011-2014 година
Презентација на сезонски колекции преку продажното место „Никола Ефтимов“, 2014-2016 година

## МЕЃУНАРОДНИ СОРАБОТКИ И ПРЕЗЕНТАЦИИ

Групна гала модна ревија за отварањето на саемот за мода во Лајпциг (*Leipziger Moda Mese*), Сојузна Република Германија, 1998 година
Презентација преку модна ревија на победничкиот дизајн на натпреварот организиран од „Кока Кола“ во Фиренца (*Teatro Sachal Firenze*), Република Италија, 2005 година
Дизајнер консултант за *Idear Home Thoughts*, Бангкок, Кралство Тајланд 2005-2006 година
Советник за млади дизјнери на „Ел модната недела Тајланд“ (*Elle Fashion Week Thailand*), Бангкок, Кралство Тајланд, 2005-2006 година
Соработка со интернационалниот сервис за модни предвидувања *Fashion Snoops,* Њујорк, 2009 година
Учество со дизајни на групната модна ревија под наслов *Jazz and Fashion*, организирана од амбасадата на САД во Р. Македонија
Дизајн на колекција со венчални и вечерни фустани за фирмата *Beautiful Love Wedding* од Сингапур, 2016 година
Соработка со дизајн платформите *VIDA*, *Zazzle* и *Redbubble,* 2016-2017 година
Ја започнува работата на дизајнот на производите, корпоративниот идентитет и стратегиите и дизајнот за огласување на брендот *Orient Modern*, 2017 година

## АВТОРСКИ КОСТИМОГРАФИИ

Дизајн на костимите за балетската претстава на Љубомир Бранѓолица „Збогување со Тања“, МНТ, Скопје, 1992 година
Дизајн на костимите за претставата на Д. Јовановиќ „Ослободување на Скопје“, режија Срѓан Јанаќиевиќ, МНТ, Скопје, 2002 година
Дизајн на костимите за претставата на Хенри Адамс „Соседи“, режија Срѓан Јанаќиевиќ, Албанска драма, Скопје, 2004 година
Дизајн на костимите за музичко-театарскиот перформанс „Пролетна приказна“, композитор Стојан Стојков, Македонска опера и балет, Скопје, 2005 година
Дизајн на костимите, во соработка со неговите студенти од „Академија Италијана Скопје“, за балетот „Големата мајка“, кореографија и режија Јагода Сланева, либрето Ефтим Клетников, музика Оливер Јосифовски, 2007 година
Дизајн на костимите за претставата „Аферата Елсинор“, режија Љубиша Георгиевски, МНТ, Скопје, 2014 година
Дизајн на костимите за претставата „Сината птица“ од Морис Метерлинк, режија Златко Славенски, МНТ, 2014 година

## ГРУПНИ ЛИКОВНИ ИЗЛОЖБИ

„Жената како симбол и тема во делата на ликовните уметници“ Галерија „Кочо Рацин“, Скопје, 1994 година
Изложба на графики, „ИНТЕРФЕСТ“, Битола, 1994 година
Двеасета изложба на ДЛУМ, „Цртежи“, Скопје, 1994 година
Изложба на ДЛУМ, „Графика“, Скопје, 1995 година
Дваесет и прва изложба на ДЛУМ, „Цртежи“, Скопје, 1995 година
Триесет и осмо „Златно перо на Белград“ и четврто „Интернационално биенале на илустрација“, Белград, Париз, Скопје, 1996 година
„Македонски цртеж` '96“, Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје, 1997 година
„Интернационално триенале на графичката уметност“, Битола, 1997 година

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Награда за цртеж на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје („Македонски цртеж` '96“), 1997 година
Награда „Дизајнер на годината за 2003 година“, награда од македонските медиуми, 2004 година
Победник на модниот натпревар организиран од „Кока Кола“, модна ревија, „Хотел Александар-Палас“, Скопје, 2005 година
Избор за предавач на годината на одделот за мода на Интернационалнист дизајн институт „Чанапат-Академија Италијана“, Бангкок, Кралство Тајланд, 2006 година

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на досегашната богата активност во областите на модниот дизајн и костимографијата, може да се заклучи дека кандидатот м- р. Никола Ефтимов во својата професионална кариера има остварено голем дизајнерски опус, забележителна истражувачка активност поврзана со историјата на модата и историјата на костимите и нивна сериозна промоција во нашата земја и активно вршење на наставно образовна дејност во областите на модниот дизајн и костимографијата.
Рецензентската комисија оценува дека м-р Никола Ефтимов ги исполнува сите услови да биде избран во наставното звање доцент.
Согласно напред изнесеното, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно- научниот и уметнички совет на Факултетот за мултимедија и дизајн во состав на „Првиот приватен универзитет - ФОН“ во Скопје, да го избере м-р Никола Ефтимов за наставник од уметничките области креирање, текстил и моден дизајн, со звање доцент.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

Вон. проф. м-р Елена Вангеловска, с.р. - претседателка

______________________________

Доц. м-р Александар Рашковиќ, с.р. - член

______________________________

Проф. Костадин Танчев, с.р. - член

______________________________

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМСКО КАЗНЕНО ПРАВО" ОД АВТОРОТ Д-Р ТАТИЈАНА АШТАЛКОСКА-БАЛОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни науки за член на Рецензентската комисија за рецензирање на авторизираните предавања ао наслов Економско Казнено Право од авторот: Татијана Ашталкоска-Балоска, наменет за студентите на Факултетот за Правни науки-правосудни студии, за предметот Економско казнено право, избран е проф. д-р Стефан Буџакоски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни науки при ФОН Универзитетот во Скопје, рецензентот го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Економско казнено право |
| **Назив на предметната програма:** | Економско казнено право |
| **Назив на студиската програма:** | Правосудни студии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 6 |
| Предметот Економско казнено право на Факултетот за правни науки е задолжителен предмет за насоката Правосудни студии со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во седми семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија е поделен во 6 поглавја и содржи 2 табели. |

РЕЦЕНЗЕНТ

1. **Проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:ПРОФ. Д-Р СТЕФАН БУЏАКОСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот Економско казнено право содржи неколку глави кои се однесуваат на општиот и посебниот дел од оваа нова правна дисциплина од областа на казненото право. Во општиот дел ги содржи основните институти врз кои се базира постоењето на оваа правна гранка како и одредени карактеристични елемнти поврзани со промените кои се случуваат во казненото право генерално. Така, покрај одговорноста на правните лица за кои авторката издвојува посебна глава, во текстот се опфатени и новите форми на криминал кои често се поврзуваат со економскиот криминал, иновациите во системот на санкции и мерки како дел од казнено-правната заштита на економскиот криминал како и анализа на меѓународно-правната рамка за заштита на истиот. Посебна дел авторката посветува и на состојбата во нашата држава.<br><br>Негово евентуално натамошно проширување и дополнување анализа на сите поединечни форми на економски криминал би значело и повисок степен на вреднување на текстот во форма на учебник. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Текстот Економско казнено право е усогласено предметната програма на истоимениот предмет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | 10 |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 240страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 2 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како авторизирани предавања по предметот Економско казнено право, примарно наменет за студентите на Факултетот за Правни науки.

Во Скопје, 31.10.2017 2017година

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „КОМПАРАТИВНО МАТЕРИЈАЛНО КАЗНЕНО ПРАВО" ОД АВТОРОТ Д-Р ТАТИЈАНА АШТАЛКОСКА-БАЛОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни науки за член на Рецензентската комисија за рецензирање на авторизираните предавања со наслов Економско Казнено Право од авторот: Татијана Ашталкоска-Балоска, наменет за студентите на Факултетот за Правни науки-правосудни студии, за предметот Компаративно материјално казнено право, избран е проф. д-р Стефан Буцакоски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни науки при ФОН Универзитетот во Скопје, рецензентот го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**I. Општ дел**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | КОМПАРАТИВНО МАТЕРИЈАЛНО КАЗНЕНО ПРАВО |
| **Назив на предметната програма:** | КОМПАРАТИВНО МАТЕРИЈАЛНО КАЗНЕНО ПРАВО |
| **Назив на студиската програма:** | Правосудни студии-МОДУЛ КАЗНЕНО ПРАВО |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **6** |
| Предметот КОМПАРАТИВНО МАТЕРИЈАЛНО КАЗНЕНО ПРАВО на Факултетот за правни науки е изборен предмет за насоката Правосудни студии-модул казнено право со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во седми семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија е поделен во4 поглавја и содржи 7 табели. |

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Стефан Буцакоски, с.р.**

**Посебен дел од рецензентот:**

**Проф. д-р Стефан Буџакоски**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот Компаративно материјално казнено право содржи четири глави кои се однесуваат на анализа казнено-правните системи на неколку европски држави, меѓу кои и Р.Македонија. Анализата се однесува на материјалните и извршните аспекти на казнените законодавства на овие држави, при што акцентот авторката го става на поважните материјалноправни институти и мерки за казненоправна заштита како на конвенционалниот, така и на неконвенционалниот криминал. Авторката во трудот се задржува на анализа на реформите во одбраните законодавства, при што истата ја дополнува и со анализа на одредбите на неколку меѓународни документи кои се однесуваат на сузбивање на новите форми на криминал, како и на новиот концепт на реализација на целта на казнувањето и ресторативната правда. Трудот во прикажувањето на поважните реформи и материјалноправни институти ги споменува и законодавствата на останатите држави во светот, но негово евентулано дополнување со конкретна анализа на овие системи, би значело и негово проширување и прераснување во труд од повисок вид. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е усогласен со наставната програма по предметот |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | 10 |
| **Категоризација:** | Авторизирани предавања |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи слики и 7 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како авторизирани предавања по предметот Компаративно материјално казнено право, примарно наменет за студентите на Факултетот за Правни науки.

Во Скопје, 31.10.2017 година

Рецензент

Проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р.